Бр./Nr 08-486/2
31-01-2024 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 99 -та седница одржана на ден 27.01.2024 година донесе

## *Одлука*

Постапката за проверка на податоците за имотната состојба од анкетниот лист на -----------------, директор на ---------------, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот број 08-5550/1 од 02.06.2022 година.

Предметот со број 08-5550/1 од 02.06.2022 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## *Образложение*

Предметот број 08-5550/1 од 02.06.2022 година е оформен по сопствена иницијатива, а врз основа на Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2022 година.

ДКСК, од именуваниот побара податоци за членовите на неговото семејство со кои живее во заедничко домаќинство.

Од страна на именуваниот беа доставени бараните податоци.

ДКСК, со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, прибави податоци за имотот на ------------------------- и членовите на неговото семејство од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност, Централниот регистар на Република Северна Македонија и финансиските институции на територија на РСМ.

По извршена проверка на имотот, Државната комисија утврди дека ---------------- во анкетниот лист нема пријавено ПМВ ---------------------- произведено 2016 година сопственост на -------------------- купено во вредност од 2.900,00 евра купено на 15.06.2022 година.

Напомена: купопродажната вредност на возило не соодејствува со пазарната вредност.

Исто така констатирано е дека ----------------- и членовите на неговото семејство на сметките во НЛБ Тутунска банка имаат прилив на безготовински средства во поголем износ од лицата ------------------ и -------------------------------------.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Имајќи го предвид наведеното, а тргнувајќи од содржината на предметот, ДКСК констатира дека нема елементи за негово натамошно постапување, постапувањето по предметот пред ДКСК се запира, а предметот се доставува на надлежно постапување на Управата за финансиска полиција. Врз основа на наведеното, Државната комисија го доставува предметот на Ваше надлежно постапување.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**